Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг ЕЛИТ Данче ДООЕЛ Скопје согласно член 35 од Законот за ревизија (Сл.весник на РМ бр. 158/2010) објавува

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2012 година

**1.Опис на правната структура и сопственост**

Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг ЕЛИТ Данче ДООЕЛ Скопје е друштво со ограничена одговорност основано од едно лице во 1994 година. Сопстваник на друштвото е овластениот ревизор Данче Зографска со сопственичко учество од 100%.

Друштвото има добиено дозвола за работа од Министерството за Финансии бр. 11-11927/1-2005.

**2.Опис на професионалната мрежа и правните и структурните аранжмани во мрежата каде што припаѓа**

Друштвото делува на територијата на Република Македонија како локално друштво за ревизија и не припаѓа на меѓународни професионални мрежи. ЕЛИТ Данче ДООЕЛ Скопје дава услуги на комintенти што делуваат на пазарот во Република Македонија.

Друштвото е член на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија – Скопје.

**3. Опис на управувачката структура**

Во друштвото управител е Данче Зографска, која истовремено е и овластен ревизор.

Во друштвото постојано вработени се Менча Пешиќ како овластен ревизор, Благица Сотировска помошник ревизор, овластен инвестициски советник и Иван Зографски помошник ревизор, МБА, овластен инвестиционен советник.

**4. Опис на внатрешниот систем на контрола**

Внатрешниот систем на контрола на квалитетот на Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг ЕЛИТ Данче ДООЕЛ Скопје е воспоставен во согласност со Меѓународниот стандард за ревизија 220 Контрола на квалитетот на ревизии на историски финансиски записи, во насока дека Друштвото со вработените се придржува на професионалните стандарди и регулативните и правните барања и дека извештаите што се издадени од Друштвото се соодветни во околностите.

Управителот потврдува дека Друштвото во своето работење доследно се придржува кон постапките на контрола на квалитетот на ревизиите во насока на ефективно функционирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет.

**5. Датум кога е извршена последна проверка за уверување во квалитетот**

Последна проверка за уверување во контрола на квалитетот е извршена во текот на Јануари 2013 година.

**6.Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на 2012 година**

Алма Комерц ,Алта Виста Брокер, Астра Електроник Компани, Адемар Инвест, Бетсити Балкан, Вфп, Гамарент, ДМТХ, Делтарент, Инвестен, Иново Брокер, Ја-ми, Ка-дис, Ко-пер, Нотос Скопје, Окитекс, Фламинго, Семак Фешн Компани,, Никоб, ТД-ТД, Сот, Ником, Макотен, Сектрон,Т-рекс, Аутомотив Груп и .

**7.Изјава за независното работење на Друштвото**

Друштвото ЕЛИТ Данче ДООЕЛ Скопје потврдува дека има усвоено интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и истите ги спроведува.

**8.Изјава за политиката што ја следи Друштвото за едукација на овластените ревизори**

Друштвото потврдува дека, согласно одредбите од Законот за ревизија, вработените овластени ревизори во текот на 2012 година посетувале обука организирана од ИОРРМ, повеќе од 40 часа, во рамките на континуираното професионално усовршување заради надградување на знаењето од областа сметководството и ревизијата. Овластените ревизори континуирана едукација остваруваат и преку следење на најнова стручна литература од областа на сметководството и ревизијата.

**9.Финансиски информации за остварениот вкупени приходи од работењето на ЕЛИТ ДООЕЛ, расчленет во четири категории услуги.** **во илјади денари**

| | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| Приходи од ревизорски услуги | 2,541 | 2,339 |
| Приходи од уверување на квал. и советодавни услуги | - | 161 |
| Други неревизорски приходи | 300 | 2 |
| **ВКУПНО** | **2,841** | **2,502** |

**10.Информација за основата по која се пресметува хонорарот на овластениот ревизор**

Хонорарот на овластениот ревизор се утврдува врз основа на видот и сложеноста на ангажманот, како и согледувањата за вкупниот обем на ангажманот пресметан во работни часови или работни денови. Утврдувањето на хонорарот на овластениот ревизор е исто така, и во тесна поврзаност и мора да се прилагодува со условите на пазарот.

**Скопје, Март 2013**

***УПРАВИТЕЛ***

***ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР ,***

ЕЛИТ Данче ДООЕЛ Скопје